РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

MQS Partner of Quality Austria

Бр./Nr. 09-1579/1
15-04-2021 г./v.

Врз основа на член 22 став 7 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Северна Македонија" број 12/2019) и член 40 став 3 од Деловникот за работа, Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК) на второто продолжение на 47-та седница, одржано на ден 13 април 2021 година, донесе

**О д л у к а**

Постапката по предметот 09-3294/1 од 26.06.2019 година СЕ ЗАПИРА.

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија за спречување на корупцијата нема елементи за нејзино натамошно постапување во предметот со број 09-3294/1 од 26.06.2019 година, бидејќи наводите од пријавата дека постои состојба на судир на интереси при спроведување на постапка за вработување на блиско лице на директорот на Биро за -----------, не се потврдени.

Предметот со број 09-3294/1 од 26.06.2019 година, да се затвори и да се архивира.

О б р а з л о ж е н и е

Предметот со број 09-3294/1 од 26.06.2019 година е оформен врз основа на анонимна пријава со наводи дека директорката на Бирото за --------------, ------------- го вработила својот прв братучед -------------- како возач/обезбедување во институцијата со која таа раководи. Понатаму има наводи дека на сите службени и деловни патувања бил присутен мажот на директорката, што можело да се провери и од нивните facebook страни. На сите деловни ручеци, фирмите биле принудени да седат заедно во присуство на директорката и на нејзиниот маж и така да го дефинираат нивното понатамошно работење.

Во однос на наводите од пријавата дека на сите службени и деловни патувања, како и на деловните ручеци организирани од Бирото, бил присутен мажот на директорката, Државната комисија констатира дека за овој дел од пријавата нема доволно податоци за покренување на постапка за утврдување на состојба на судир на интереси согласно член 76 став 1 од истиот закон, односно се дадени само воопштени податоци, а бидејќи станува збор за анонимна пријава, Државната комисија не може да бара допрецизирање на истата конкретно за овој дел.

Во однос на наводите од пријава дека директорката на Бирото за --------------, -------------- го вработила својот прв братучед --------------- како возач/обезбедување, заради утврдување на фактичката состојба од Бирото за метрологија беа побарани следниве информации:

- Дали лицето -------------- е вработен/ангажиран во Бирото за --------------,

- Доколку е вработено/ангажирано наведеното лице да се достави целокупната постапка за вработување/ангажирање.

Од страна на Биро за ----------- беше доставена информација дека лицето -------------- не е ангажирано, ниту вработено во наведената институција.

Врз основа на се, погоре наведено, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик претседател,**
**м-р Шемши Салаи**

По заклучок од седница на ДКСК,
Изработил: С.М, виш соработник
Одобрил: м-р В.Г, Член на ДКСК